совет за етика во медиумите на македонија

Скопје, декември 2025

**МОНИТОРИНГ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## ВОВЕД

Медиумската сцена во Северна Македонија во последната деценија е изразено фрагментирана, со нагласена поврзаност меѓу новинарството со политичките и бизнис влијанија врз редакциите. Онлајн медиумскиот екосистем, пак, иако најдинамичен дел од медиумскиот пазар, со неколку стотини портали, останува нецелосно регулиран, со голем број единици што функционираат без јасни уредувачки политики, без транспарентен сопственички модел и со чести прекршувања на Кодексот на новинарите на Македонија.

Во такви услови, медиумската саморегулација игра клучна улога за поставување и одржување на професионалните стандарди, особено во критични периоди како што се изборните процеси. Локалните избори 2025 година, што се одржаа во периодот 20 октомври – 10 ноември, претставуваат значаен тест за одговорноста на медиумите, нивната способност за коректно, балансирано и проверено информирање, и нивната посветеност кон демократските принципи.

Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР што ги набљудуваше локалните избори и оваа година, како и претходно, посочи на неколку системски слабости: доминација на партизирани медиумски агенди, ограничени ресурси за истражувачко новинарство, практики што се повторуваат од минатото - објавување непроверени информации и сензационалистички пристап во обработката на изборни теми.

Поаѓајќи од фактот дека онлајн порталите силно влијаат врз јавниот дискурс, набroените слабости несомнено влијаеа врз перцепциите на гласачите и за време на Локалните избори 2025, нарушувајќи го во извесна мера принципот за фер и информирано учество во демократскиот процес.

Резултатите од мониторингот што Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) го спроведе непосредно пред и по Локалните избори, вклучувајќи 30 портали, повеќето членки на регистарот на професионални онлајн медиуми - Промедиа.мк, укажува на длабоко вкоренети проблеми со етичкото и одговорно новинарство во дигиталната сфера.

## Предмет и цел на извештајот

Овој **финален мониторинг извештај** го анализира известувањето на 30 онлајн медиуми поврзано со изборниот процес, со фокус на:

- транспарентност на структурата;
- почитување на професионалните стандарди во користењето извори;
- степен на сензационализам;
- почитување на принципот на пресумпција на невиност;
- заштита на човековото достоинство и недискриминација;
- плагијаторство или т.н. „копи-пејст новинарство“;
- потпирање врз содржини од социјални мрежи.

**Значење на анализата:** Резултатите од анализата претставуваат важна основа за:

- јакнење на културата на професионална отчетност на медиумите;
- насочување на активностите за медиумска писменост;
- градење политики за транспарентност и етика;
- засилување на механизмите за саморегулација;
- поддржување на демократските процеси во земјата.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Мониторингот што го спроведе Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), во периодот **20 октомври – 10 ноември 2025 година**, го опфаќа најкритичниот дел од изборниот циклус на Локалните избори 2025. Овој период се карактеризира со интензивна политичка комуникација, зголемен јавен интерес и повисок ризик од медиумски манипулации, сензационализам и дезинформации.

Медиумите чии содржини беа секодневно следени, беа селектирани врз основа на:

- нивната видливост;
- нивната продукциска активност (редовно објавување содржини);
- медиуми со различни сопственички структури (приватни - од новинар, приватни - бизнис, јавен медиум).

Селекцијата е направена со цел да се добие **репрезентативна слика** за начинот на кој медиумите известуваат во период на зголемена политичка чувствителност. Дневно беа прегледувани околу **90 новинарски содржини**, вклучувајќи:

- вести поврзани со изборните процеси;
- политички настани;
- локални теми поврзани со кандидатите и општинските политики;
- текстови за безбедносни, судски или други теми кои индиректно се поврзуваат со избори;

- содржини со потенцијално негативно влијание врз јавниот дискурс (дискриминација, говор на омраза, сензационализам, непотврдени информации).

Ова овозможи во континуитет да се следи **како медиумите се однесуваат кон професионалните стандарди во различни типови содржини**, без оглед на тоа дали станува збор за информации директно поврзани со кампањата или за поштироки општествени теми кои можат да влијаат врз изборниот процес.

## Индикатори и инструменти за анализа

Методологијата се базира на **стандардите на Кодексот на новинарите на Македонија** и **Насоките за етичко известување на онлајн медиумите**, со фокус на следните членови:

- **Член 19 – транспарентност на сопственоста и уредувачките структури**
- **Член 4 – транспарентно користење извори на информации**
- **Член 8 – без сензационализам, внимателно известување за несреќи, пресумпција на невиност**
- **Член 10 – заштита на човековото достоинство, недискриминација, без говор на омраза**
- **Член 12 – плагијаторство, правилно цитирање**

Освен ова, мониторингот опфати и индикатор за **цитирање содржини од социјални мрежи**, со цел да се разбере степенот на потпирање на медиумските содржини врз неофицијални или непроверени извори.

## Процес на кодирање и верификација

Секоја содржина беше оценета според однапред утврдена код-табела креирана за потребите на СЕММ, со јасно дефинирани критериуми за:

- целосно, делумно или никакво атрибуирање на извори;
- степен на професионална поткрепеност;
- присуство на сензационализам;
- индикатори за дискриминација и говор на омраза;
- почитување на пресумпција на невиност;
- очигледни случаи на плагијат;
- потпирање на содржини од социјални мрежи.

(Кодирањето е вршено од мониторинг тим обучен од СЕММ, а по завршувањето на процесот е направена проверка на конзистентноста, со цел да се избегнат субјективни разлики во проценките.)

**Мониторингот обезбедува:**

- **квантитативен преглед** (табели 1-8),
- **квалитативна анализа** која ги толкува трендовите,
- **идентификација на критични области** за натамошни интервенции.

**Ограничувања:**

- опфатени се само медиуми што објавуваат редовно;
- анализата се темели на јавни објави (нема увид во внатрешни уредувачки процеси);
- не е вклучена анализа за влијанието врз публиката.

Сепак, резултатите овозможуваат **сеопфатна и маргинално репрезентативна слика** која овозможува уверливи заклучоци за професионалното однесување во изборен контекст.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ова поглавје ги презентира основните структурни параметри на медиумската група опфатена со мониторингот, со фокус на **типот на сопственост** и **нивото на транспарентност**. Овие два индикатори претставуваат фундаментална основа за разбирање на уредувачките практики, степенот на одговорност и потенцијалното влијание врз професионалното производство на содржини. Токму затоа тие се поставени на почетокот на аналитичкиот дел, како контекст без кој наодите во следните поглавја би останале парцијални.

**Тип на сопственост**

Типот на сопственост е клучен фактор кој може да ја дефинира уредувачката независност на медиумот, степенот на професионализација на редакцијата и можноста за политички или бизнис влијанија. Податоците од мониторингот покажуваат висока доминација на приватни медиуми, со значителен удел на медиуми основани од новинари.

**Тип на сопственост** (табела1)

| | Број на одговори | Вкупен Процент |
|---|---|---|
| Приватен – бизнисмен | 519 | 28.3 |
| Приватен – новинар | 1239 | 67.6 |
| Јавен | 63 | 3.4 |
| Не може да се утврди | 12 | 0.7 |
| Вкупно | 1833 | 100.0 |




Резултатите покажуваат дека:

- **Повеќе од две третини (67.6% или 20 медиуми) од анализираните содржини се од медиуми во приватна сопственост на новинари**. Ова е карактеристика специфична за македонскиот онлајн сектор: голем број индивидуални новинари или мали групи новинари основаат сопствени медиуми со ограничени ресурси и минимален редакциски капацитет. Тоа често води кон прекумерно користење на туѓи содржини, односно копи-пејст практики и недоволно развиена уредувачка политика.
- **Приватните медиуми основани од бизнисмени (28.3%) претставуваат втората најзначајна група.** Овие медиуми неретко работат во услови на поврзаност со бизнис центри на моќ, што ги прави потенцијално подложни на економски и политички влијанија. Претходните мониторинзи покажуваат дека токму во овој сегмент најчесто се јавуваат прекршувања на етичките стандарди во области како сензационализам, недоволно поткрепени информации и дискриминација.
- **Медиумите во јавна сопственост** речиси и да немаат удел во онлајн продукцијата (3.4%), што е очекувано со оглед на ограничената дигитална продукција на јавните установи.

Овие податоци создаваат важна основа за следните анализи: доминацијата на малите редакции и приватните медиуми со новинарска сопственост често се поврзува со структурни слабости - недостиг на ресурси, мали тимови, брза продукција, ограничена проверка на факти и зависност од копирани содржини.

## Транспарентност на структурата

Транспарентноста на сопственоста и уредувачките структури е основен елемент на одговорното новинарство и формален услов за членство во СЕММ (член 19 од Кодексот).

Во изборни периоди оваа транспарентност е од особено значење, бидејќи јавноста мора да има јасна слика за тоа кој стои зад медиумот, какви интереси може да влијаат врз уредувачката политика и кои редакциски стандарди се применуваат.

| Транспарентност на структурата -член 19 од Насоките, (табела 2) | | | |
|---|---|---|---|
| | Број на одговор и | Вкупен број на медиуми / процент | |
| **Нема импресум** | 63 | 1 медиум / | 3.4% |
| **Има импресум во кој недостасуваат дел од важните податоци** | 69 | 1 медиум/ | 3.8% |
| **Има импресум во кој недостасуваат маргинални податоци** | 129 | 2 медиуми / | 7.0% |
| **Има импресум со сите податоци** | 1570 | 26 медиуми/ | 85.7% |
| **Вкупно** | 1831 | | 100.0 |






Податоците за транспарентност на структурата, односно на тоа дали е уредно објавена информација за новинарско/уредувачкиот тим што стои зад еден медиум, покажуваат охрабрувачки тренд:

- **85.7% од медиумите** (поточно 26 онлајн медиуми) имаат комплетен импресум со сите релевантни податоци, што е напредок во споредба со претходни циклуси кога недостигот на импресум беше многу пораширен. (мониторингот во јуни 2025 покажа: 28 мдедиуми имаа комплетен или скоро комплетен импресум, 7 беа со делумно податоци, а 4 немаа податоци)
- Само во 2-3 медиуми, или **7.2% од тие што беа мониторирани,** сè уште има проблеми со транспарентноста , односно кај нив или недостасуваат клучни информации, или воопшто нема импресум.

Важно е да се нагласи дека медиумите што немаат основни транспарентни податоци најчесто се и медиуми со највисок ризик за непрофесионални практики: непроверени текстови, недокументирани извори, сензационализам и копи-пејст известување. Во контекст на избори, секое изостанување на транспарентноста ја нарушува можноста јавноста да дознае за тоа кои интереси стојат зад медиумските операции. Овој индикатор директно ја засилува релевантноста на анализите во следните поглавја, бидејќи поврзаноста помеѓу транспарентноста и професионалното однесување е конзистентно присутна во наодите на мониторингот.

## НАОДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

**(Почитување на членовите: 4; 8; 10; 12...од Кодексот на новинарите на Македонија)**

Во овој дел од извештајот се обработуваат шест индикатори за професионално известување преку комбиниран пристап - квантитативен преглед на податоците и квалитативно толкување на нивната важност во контекст на изборното известување.

**-Транспарентност на изворите (Член 4)**

Транспарентното наведување на изворите е еден од најважните сегменти на професионалното новинарство. Член 4 од Кодексот ги обврзува новинарите да ги наведуваат изворите на информациите, со единствен исклучок кога постои оправдана причина да се заштити анонимноста на изворот.

Во изборен период, кога информациите се чувствителни и многубројни, а политичките актери не ретко пласираат недоволно проверени или тенденциозни информации, транспарентноста на изворите станува фундаментален критериум за процена на кредибилноста.

| Транспарентност на изворите, Член 4 (табела 3) | | |
|---|---|---|
| | Број на одговори | Вкупен Процент |
| Уредно ги атрибуира изворите или оправдано го штити нивниот идентитет | 1070 | 83.7 |
| Делумно ги атрибуира изворите или оправдано го штити нивниот идентитет | 179 | 14.0 |
| Не ги атрибуира изворите на информации | 30 | 2.3 |
| Вкупно | 1279 | 100.0 |






Резултатите покажуваат прилично позитивна слика на прв поглед: **83.7% од содржините** уредно ги наведуваат изворите или го штитат нивниот идентитет на оправдан начин. Сепак, овој оптимистички процент треба да се гледа во контекст:

- **14% делумно наведени извори** претставуваат значаен удел. Во дел од овие содржини новинарите наведуваат само делумни описни формулации („според наши информации“, „дознава X портал“) без јасно упатување на примарниот извор. Овие практики создаваат простор за манипулации и ја намалуваат транспарентноста во време на избори.
- Иако регистрираните **2.3% некредибилни, односно текстови со неозначени извори** делуваат малку, нивното присуство во изборен контекст е ризично. Непостоечките или непотврдени извори често водат до ширење на неточни или политички мотивирани вести, особено кај медиуми со ограничени редакциски ресурси.

Мониторингот покажува дека медиумите со поголема транспарентност на сопственоста и со поорганизирани редакции (импресум) имаат подобри резултати во овој индикатор. Ова дополнително ги засилува наодите дека **транспарентноста и професионалноста се тесно поврзани**, а медиумите со нејасна структура најчесто се и медиуми кои почесто користат нецелосни извори.

**-Известувачки пристап – сензационализам (Член 8)**

Член 8 од Кодексот бара новинарите да избегнуваат сензационализам, особено при известување за несреќи, трагедии, судски процеси, болести и други чувствителни теми. Во изборни кампањи, сензационализмот често се користи како средство за политичко мобилизирање или дискредитирање, со што се свртува вниманието на читатлите.

**Известувачки пристап, Член 8** (табела 4)

| | Број на одговори | Вкупен Процент |
|---|---:|---:|
| **Текстот е целосно сензационалистички** | 30 | 2.3 |
| **Текстот е делумно сензационалистички** | 70 | 5.5 |
| **Текстот не е сензационалистички но е сиромашен** | 74 | 5.8 |
| **Текстот е делумно професионално поткрепен** | 433 | 33.9 |
| **Текстот е целосно професионално поткрепен** | 670 | 52.5 |
| **Вкупно** | 1277 | 100.0 |







Наодите од мониторингот во однос на известувачкиот пристап, прикажани на табелите, покажуваат дека:

- **52.5% од сите анализирани текстови** се целосно професионално поткрепени. Ова е значајно подобрување во однос на претходни циклуси, но мора да се толкува внимателно поради големиот удел на мали редакции со кратки вести.
- Сепак, **13.6% (174 текстови)** содржат елементи на сензационализам – *целосен, делумен или прикриен*.

  Сензационализмот најчесто се јавува во наслови, каде што медиумите користат:

  - драматични формулации,
  - претеран тон,

- интерпретативни конструкции,
- вметнување на емоционални рамки кои ја нарушуваат фактографијата.
- Категоријата „не е сензационалистички, но е сиромашен“ укажува на текстови кои иако избегнуваат драматизација, **немаат доволно извори, контекст или второ мислење**.
  Овие текстови создаваат слаба, непоткрепена медиумска слика.

Тенденцијата се поклопува со наодите на ОБСЕ/ОДИХР за недостиг на аналитичко известување во предизборните периоди, каде што голем дел од онлајн медиумите се фокусираат на брза продукција, или поточно – репродукција на партиски соопштенија, без или со минимална обработка.

**-Пресумпција на невиност (Член 8)**

Принципот на пресумпција на невиност е клучен за заштита на човековите права. Во изборен период, медиумите често известуваат за судски постапки, обвиненија или истраги поврзани со јавни личности, политички противници, бивши функционери ит.

| **Пресумпција на невиност, Член 8 (табела 5)** | | |
|---|---|---|
| | **Број на одговори** | **Вкупен Процент** |
| **Не се почитува пресумпција на невиност** | **18** | **1.4** |
| **Се почитува пресумпција на невиност** | **14** | **1.1** |
| **Текстот не се однесува на кривичен или прекршочен настан** | **1247** | **97.5** |
| **Вкупно** | **1279** | **100.0** |






Иако во однос на пресумција на невиноста директните прекршувања во набљудуваните медиумски содржини изнесува само **1.4%**, не може да се заобиколи нивната тежина:

- Бидејќи медиумот не смее „да пресудува“ пред судските органи, што обично се чита низ :
  - емоционално обоени наслови,
  - претпоставени мотиви,
  - користење на тенденциозни формулации.

Овие прекршувања се често индикативни за политички мотивирани медиумски стратегии – практика која беше истакната и во извештаите на ОДИХР како историски проблем во земјата.

**-Заштита на човековото достоинство и недискриминација (Член 10)**

Член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија осудува создавање или ширење содржини кои поттикнуваат дискриминација или говор на омраза. Според статистиката на СЕММ, овој член во изминатите години е еден од најчесто прекршуваните, главно кога медиумот пренесува своја содржина на социјалните мрежи, по што следат токсични коментари. Но во текот на изборниот период што беше фокус на овој мониторинг, од вкупно 1277 прегледани текстови, во 1216 не се поттикнува дискриминација ниту говор на омраза.

| **Заштита на човековото достоинство, Член 10, (табела 6)** | | |
|---|---|---|
| | **Број на одговори** | **Вкупен Процент** |

| | | |
|---|---|---|
| **Текстот отворено поттикнува дискриминација и шири говор на омраза** | **2** | **0.2** |
| **Текстот имплицитно поттикнува доскриминација или омраза** | **29** | **2.3** |
| **Текстот не поттикнува дискриминација ниту говор на омраза** | **1216** | **95.2** |
| **Текстот поттикнува на заштита од дискриминација или омраза** | **30** | **2.3** |
| **Вкупно** | **1277** | **100.0** |
| | | |






Анализата на медиумската содржина во однос на почитувањето на Член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија кој се однесува на заштита на човековото достоинство, недискриминација и неширење говор на омраза, покажува дека иако појавите на отворен говор на омраза се минимални (0.2%), **имплицитната дискриминација не е незначителна - изнесува** 2.3%.

Ова значи дека во 30 текстови, од вкупно набљудуваните 1300, станува збор за:

- негативно врамување на групи,
- повторување стереотипи,
- сензационалистички конотации,
- недоволна грижа за ранливи заедници (жртви, жени, етнички заедници).

Факт е дека вкупната слика покажува дека медиумите генерално успеваат да избегнат екстремни форми на говор, но **не секогаш ги препознаваат суптилните форми на дискриминација**, што го прави овој индикатор особено важен за почитувањето на етичките насоки и медиумската писменост.

**-Плагијаторство (Член 12)**

Плагијаторството, односно т.н. „копи-пејст“ новинарство се едни од најчесто користените практики во македонскиот медиумски простор, особено во онлајн медиумите, а претставуваат сериозно прекршување на етичкото оденсување.

| Плагијаторство, Член 12, (табела 7) | | |
|---|---|---|
| | Број на одговори | Вкупен Процент |
| Текстот е целосно идентичен со текст од друг портал | 11 | 0.9 |
| Голем дел од текстот е идентичен со текст од друг портал | 275 | 21.6 |
| Во текстот се преземени изјави од друг медиум без да се наведе извор | 87 | 6.8 |
| Во текстот се преземени изјави од друг медиум со наведување на изворот | 688 | 54.0 |
| Текстот е целосно оригинален | 214 | 16.8 |
| Вкупно | 1275 | 100.0 |




Овој индикатор најсилно укажува на **структурните слабости на онлајн медиумскиот сектор** во овој момент во Северна Македонија:

- **Дури 22.5% од текстовите се целосно или претежно копирани.**
- **Во 6.8% од текстовите се преземаат делови од содржини без да биде наведен изворот,** што претставува сериозно прекршување на Кодексот.

Само **16.8% од текстовите се целосно оригинални** – бројка што јасно ги рефлектира ограничените ресурси на редакциите, недоволниот број новинари, како и трендот на брза и површна продукција на медиумски содржини.

Во изборен контекст, ваквите практики носат ризик од ширење недоволно проверени информации или од реплицирање (овозможување нови платформи) на наративи пласирани од центри на политичко влијание.

**-Цитирање објави од социјалните мрежи**

Социјалните мрежи се дел од механизмот на современото новинарство, но зависноста од нив без дополнителна проверка може да резултира со неточни, тенденциозни или манипулативни информации.

| Цитирање од социјални мрежи (табела 8) | | |
|---|---|---|
| | Број на одговори | Вкупен Процент |
| Текстот целосно се потпира на извор од социјални мрежи | 203 | 15.4 |

| | | |
|---|---|---|
| **Текстот делумно се потпира на извор од социјални мрежи (има дополнување)** | **136** | **10.3** |
| **Текстот не се потпира на социјални мрежи** | **981** | **74.3** |
| **Вкупно** | **1320** | **100.0** |







Фактот што **над една четвртина од текстовите (25.7%)** целосно или делумно се потпираат на објави на социјални мрежи е сигнал за ризик во контекст на избори. Во текот на мониторингот се забележани следните трендови:

- Дел од медиумите целосно ја засноваат содржината врз статуси, видеа или објави без дополнителна проверка.

- Најризични се текстовите во категоријата политички коментари и објави поврзани со локални политички личности.
- Во најголем дел станува збор за медиуми со мал број новинари, кои се потпираат на социјални мрежи како примарни извори на информации.

Позитивно е тоа што најголемиот дел од текстовите во набљудуваните медиуми (**74.3%**) сепак не ги користат социјалните мрежи како примарен извор.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Мониторингот на онлајн медиумите што се одвиваше пред и по Локалните избори 2025 година откри повеќеслојни трендови што ја одразуваат комплексната природа на македонскиот онлајн медиумски простор. Иако дел од индикаторите покажуваат позитивни трендови, особено во делот на транспарентноста и формалното почитување на одредби од Кодексот на новинарите, целокупната слика укажува на **структурни слабости, ограничени ресурси и зависност од брза продукција на содржини**, што се одразува врз квалитетот на информативниот процес.

**1.Во дигиталниот медиумски сектор доминираат приватни медиуми со мали редакции**

Доминацијата на медиумите основани од новинари, 67.6%) од тие што беа вклучени во мониторингот, создава средина во која степенот на почитување на професионалните стандарди се очекува да бидат максимално почитувани, пред се од ангажираните новинари, индивидуално, а не како пракса на уредувачки тим и стабилни институционални механизми. Но недостатокот на ресурси, се чини води кон пополнување на медиумскиот простор со куси вести, со често отсуство на „втората страна“ во приказната, со потпирање на објави на социјални мрежи и копирање.

Засилувањето на редакциите и редовните обуки се најголемиот предизвик за долгорочно подобрување на квалитетот на новинарството и кредибилитетот на медиумите.

**2. Транспарентноста на сопственоста е подобрена, но сè уште постојат ризични точки**

Податокот дека 85.7% од набљудуваните медиуми имаат комплетен импресум е силен позитивен индикатор. Тоа претставува напредок во поглед на одговорноста и е во согласност со критериумите на СЕММ. Сепак, медиумите без импресум или со недостиг на важни податоци, иако во помал број, претставуваат висок ризик. Анализата покажува дека токму овие медиуми почесто произведуваат содржини со проблематични елементи - сензационализам, непоткрепени извори или плагијатосртво.

**3. Транспарентноста на изворите е солидна, но недостасува системска култура на детално документирање**

Иако во 83.7% од текстовите изворите се правилно атрибуирани, останува проблемот со делумна транспарентност во 14% од примерокот. Текстови со формулации од типот „според наши извори“ создаваат простор за недокументирани, политички мотивирани информации што можат да влијаат на мислењето на читателите. Во изборен контекст, ова е критично: неточните или недоволно проверени извори имаат потенцијал да влијаат врз перцепциите на гласачите.

**4. Сензационализмот е присутен, често во „мек“ облик**

Иако само 2.3% од набљудуваните медиумски содржини се оценети како целосно сензационалистички, вкупно 13.6% од текстовите содржат сензационалистички елементи. Најчесто се јавуваат во:

- драматични наслови,
- недоволно проверени изјави,
- непотребни емоционални рамки за чувствителни теми.

Категоријата „сиромашни текстови“, иако не сензационалистички, исто така укажува на недоволна аналитичка длабочина и редакциски ресурси.

**5. Пресумпцијата на невиност е генерално почитувана, но прекршувањата се сериозни**

Сондажата утврди дека 97.5% од текстовите не се однесуваат на кривични случаи. Само во 1,4 % од текстовите постои ризик за сериозно прекршување на стандардите за професионално известување, од типот:

- претставување на обвинети како виновни,
- интерпретативни наслови,
- инсинуации за вина без судски исход.

Ова е сериозен проблем во контекст на медиумска етика и човековите права, особено во изборен период.

**6. Имплицитната дискриминација е почеста од отворениот говор на омраза**

Отвореното ширење омраза преку медиумските содржини, според сондажата, е ретко (0.2%) случаи. Но имплицитната дискриминација регистрирана во 2,3% содржии, е значително повисока (несвесна или ненамерна пристрасност, што може да влијае на ставовите и дејствијата кон друго лице или кон група, и да доведе до нееднаков третман).

Ова најмногу се однесува на:

- етнички групи,
- жени,
- ранливи категории,

- политички опоненти.

Ниската свесност во редакциите, во одредени случаи, за суптилните форми на дискриминација укажува на потреба од дополнителни обуки.

**7. Плагијаторството останува чест проблем: над половина од текстовите се копи-пејст содржини**

Најзагрижувачки индикатор во извештајот е табелата „Плагијаторство“:

- 22.5% текстови се целосно или делумно копирани,
- 6.8% преземаат изјави без извор,
- само 16.8% се целосно оригинални.

Ова ја потврдува распространетоста на копи-пејст културата, што во изборен период подразбира целосно пренесување на партиски и други соопштенија без новинарска интервенција, без внесување на контекст што би им помогнал на читателите да формираат целосна слика и информиран став.  Причините се системски:

- ограничени редакциски тимови,
- брза продукција,
- притисок за што поголем број на содржини,
- ограничена уредувачка супервизија.

Ова ја поткопува довербата во професионалното новинарство и ја поттикнува „инфлацијата“ на исти вести воа различни онлајн медиуми и на социјалните мрежи

**8. Значителен дел од медиумите се потпираат на социјални мрежи без доволно проверка**

Овој тренд (25.7% делумно или целосно потпирање на социјални мрежи) е карактеристичен за малите редакции. Фејсбук, ТикТок и објави од јавни личности често се користат како примарни извори, без:

- независна проверка,
- дополнителен контекст,
- употреба на други извори (втора страна...).

Ова создава ризик од ширење дезинформации и манипулации, особено во изборни периоди каде што социјалните мрежи се главна платформа за пропаганда.

**9. Општата слика: професионални напори, но структурни слабости**

Ако се земат сите индикатори заедно, се добива следнава компактна слика:

- Кога има ресурси и време, новинарите произведуваат професионално поткрепени текстови (52.5%).
- Но системските ограничувања (плагијаторство, недоволно извори, зависност од социјални мрежи) влијаат на значаен дел од содржината.
- Транспарентноста и саморегулацијата носат јасни резултати – членството во СЕММ има позитивно влијание.
- Политичките и економските притисоци и натаму се фактор, особено кај медиумите во сопственост на бизнис-лица.
-

## ПРЕПОРАКИ ЗА НОВИНАРИТЕ, МЕДИУМИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ

**- Зајакнување на уредувачката политика**

- Усвојување формализирани внатрешни уредувачки правила за обработка на чувствителни теми, како што е известувањето за време на избори.
- Воспоставување внатрешни протоколи за двојна проверка на информациите пред објава.
- Назначување одговорно лице (уредник) за етички прашања во секоја редакција.

**-Подобрување на транспарентноста**

- Редовно ажурирање на импресумот со точни податоци за сопственост и уредувачки тим.
- Јасно означување на авторството на содржините, вклучувајќи текстови подготвени од надворешни соработници.
- Објавување на годишни извештаи за транспарентност кога е можно (добра пракса од регионот).

**-Намалување на копи-пејст практиките**

- Развивање на кратки, но оригинални новинарски формати кои се изводливи за мали редакции.
- Ознаката „преземено од“ да биде задолжителна и видлива при секое преземање на содржини.
- Поттикнување на новинарите да креираат извештаи со вклучување на минимум два независни извори.

**-Зајакнување на праксата за проверка на факти**

- Новинарот да изврши основна верификација на содржини од социјални мрежи пред објава.
- Да се избегнуваат општи атрибуции („според наши извори“) и наместо тоа да се користат конкретни, проверливи формулации.

**- Избегнување сензационализам**

- Вметнување контекст, втори извори и проверени факти во чувствителни текстови.
- Обука за известување од неутрална позиција, како алтернатива за драматични пристапи и конфликти

**-Почитување на човековото достоинство и недискриминација**

- Избегнување „скриени“ стереотипи и маргинализирачки формулации.
- Внимателно уредување на наслови за да се избегне стигма или предрасуди.

**-Од сопствениците се очекува инвестирање во редакциски ресурси**

- Зголемување на бројот на новинари или соработници, особено во периоди со висок обем на работа (како избори).
- Обезбедување минимални технички и човечки ресурси за верификација на информации.

**-Обука и професионален развој**

- Редовни обуки за етика, медиумска писменост и новинарски стандарди.
- Специјализирани тренинзи за известување за избори, човекови права, корупција и локално управување.

**-СЕММ - продлабочување на мониторингот**

- Континуирано следење на онлајн медиумите и надвор од изборни периоди, со акцент на структурните слабости.
- Развој на годишни индекси за:
    - транспарентност,
    - почитување на изворите,
    - сензационализам,
    - плагијаторство

**- СЕММ - поддршка на медиумите со алатки за самоевалуација (**кратки „етички чек-листи“ за редакции; едноставни протоколи за превенција на плагијаторство; креирање едукативни видеа или микро-обуки достапни за членките на СЕММ; редовно објавување наоди и трендови, корисни инфографици - особено во изборни периоди.

## Институциите и регулаторот - поттикнување транспарентност со системски мерки

- Поддршка за регистарот на онлајн медиуми *Promedia.mk.*

- Јакнење на институционалната рамка за објавување на сопственост и финансиски податоци.

- Креирање програми за поддршка за локални и мали медиуми во форма на грантови или ресурси за техничка модернизација.

**-Граѓански организации и донатори:**

- Поддршка на регионални академии за изборно известување.
- Промоција на моделите на „етички редакции“ и добри практики.
- Кампањи за препознавање сензационализам, дезинформации и плагијат.
- Ресурси за младински групи и локални заедници за критичко читање на онлајн содржини

- **Поддршка на СЕММ како столб на медиумската саморегулација (техничка, финансиска и методолошка поддршка за проширување на мониторинг капацитетите; инвестирање во алатки за дигитално набљудување, автоматско кодирање и брзи тематски анализи)**

## ЗАКЛУЧОК: неопходен е системски пристап за подобрување на медиумската етика

Мониторингот за Локалните избори 2025 јасно покажува дека постојат индивидуални напори за етичко известување, но структурните слабости (мали редакции, зависност од копи-пејст, ограничени ресурси) се длабоки. Затоа е потребна **координирана акција** помеѓу медиумите, СЕММ, донаторите, академијата и регулаторите за да се поттикне:

- одржливост,
- професионализација,
- транспарентност,
- и култура на одговорно новинарство.

Мониторингот презентиран во овој извештај е спроведен во рамки на проектот **„Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа: Поддршка на новинарството како општо добро“**, поддржан од UNESCO, а финансиран од Европската Унија. Поддршката на UNESCO не се однесува само на финансиска и програмска поткрепа, туку и на охрабрување за развој на длабински, методолошки конзистентни мониторинг-алатки кои се усогласени со меѓународните стандарди за медиумска отчетност и транспарентност. Со оваа поддршка, СЕММ во континуитет ја зајакнува својата улога како важно, независно саморегулаторно тело, со капацитет за систематско набљудување и аналитички извештаи кои создаваат вистински поттик за етички напредок во медиумскиот сектор на Северна Македонија.

unesco

Funded by the European Union